Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Постапувајќи по претставката бр. 08-202/1 од 2.3.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје за извршена дискриминација во областа на социјалната сигурност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.4.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-202/2
18-04-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 2.3.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted], за извршена дискриминација во областа на социјалната сигурност.

Подносителката на претставката наведува дека е разведена самохрана мајка на три ќерки, кои и се доверени на нејзе. На ден 30.8.2022 година поднела барање за социјална помош и за детски додаток до Општина Гази Баба. По поднесеното барање, добила решение со кое со кое не и се одобрува социјална помош. Понатаму поднела жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос од втор степен и до Министерството за труд и социјална политика. Наведува дека оттаму добила позитивен одговор, по што истиот го однела во Општина Гази Баба каде и било кажано дека додатокот ќе почне да го добива од 1 март. Меѓутоа, како што наведува во претставката, од банка континуирано добива одговор дека се уште нема пристигнати средства. Исто така, поднела барање за социјален стан до Министерство за труд и социјална политика на 24.1.2023 година и до Влада на 6.2.2023 година. Во врска со барањата за социјална помош, наведува дека е активна баррателка од 2019 година. Дополнително вели дека е оневозможена да се пријави во Агенција за вработување.

Согласно наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај.

Законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други*.

Членот 5 од истиот Закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не се работи за дискриминација туку за можни повреди на права од областа на социјална заштита, поради што ја упатува подносителката да се обрати до Министерството за труд и социјална политика.

18.4.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]